## 0. 3. ОБЈАСНУВАЊЕ ( EXPLANATION )

Оваа книга не се вклопува во класичните книги, туку, е моја и оригинална. Оваа книга ја отсликува мојата личност и мојата фамилија и род со вековно пренесените свештенички традиции и како, Јас, сум ги забележувал и чувствувал лицата, предметите и појавите, уште како дете до денес, во мојата потесна фамилија СПИРОСКИ, мојот род ОНУФРИЕВСКИ-ЛАЛОШОИ-ГЛАВИНОИ-ВИЗАНТИЈЦИ, во Лешок, во родниот крај (Полог и Шара) и секако и Македонија.

Пред некоја година бев во дилема, дали предност да дадам на изградба на куќа и кров над глава во Лешок или да пишувам книги, Јас, се определив за книгите. Така, пишувајќи ги книгите, Јас, и кога не бев во Лешок, пак бев во Лешок и немаше човек, ниту некоја сила која ќе ме спречи, барем со мислите, да сум во Мојот Лешок.

Целокупната замисла, работа и уредување на книгата го направив лично, Јас, и сакав книгата да изобилува со мисли, податоци, документи, слики, музика, бои и сл. и да преовладува свештеничката традиција и дух на мојата фамилија и род и на Лешочкиот манастир и ова да биде прва и уникатна книга во Македонија за Мојот род и за Мојот Лешок, изработена во електронска форма и на ЦД диск.

Книгата има вкупно 1578 страни,од кои 949 страни во текст и слики и 629 страни во Табели, на македонски и добар дел и на англиски јазик и на секоја страна се присатни сонцето, крстот и мајка Богородица,кои се вечни симболи на мојот род и на македонскиот народ. Во ЦД-то има три фолдери: 1. КНИГА ( БООК), со 949 страни текст со 1 240 фотографии и 302 документи и податоци; 2. ТАБЕЛИ ( ТАБЛЕС), со 629 страни со преку 3.000 имиња и места и 3. МУЗИКА (МУЗИЦ), со 32 песни и тоа: 3.1 - Народни песни (фолк сонгс ), 16 песни и 3.2 -Компјутерска музика( Цомпутинг музиц), со 16 песни, создадени од мојот син Огнен Спироски.

Значи, покрај текстот, читателот на оваа книга ќе може да ужива во прекрасни стари фотографии и мои фотографии со убавините на природата во Лешок и околината и секако и да слуша и народна македонска музика и современа компјутерска–електронска музика.

Оваа книга ја завршив во есен на 08 Ноември 2009 – Митровден (мој Именден) и истата ја отсликува мојата душа, православната христијанска душата на мојот род како и душата на македонецот од Лешок, Полог и Македонија. Секој човек и настан споменат во книгата или е во сликите, ќе влезе во вечноста на незаборавот.

Оваа книга ја пишувам како почит и благодарност кон моите претци, и од љубов кон потомците, но, и како мој придонес за откривање и трајно запишување на македонската православна христијанска традиција на мојата фамилија Спироски и родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци и да ја понудам за културно натпреварување со другите фамилии и родови во Македонија и во Европа.

*МИТЕ од Љешек*

## 0. 3. **EXPLANATION** – OBJASNUVANJE – **ОБЈАСНУВАЊЕ**

This book does not correspond with the classical books, instead, it's my own creation and I consider it as original. This book expresses my personality and my family, as well as my ancestors, who have passed on to me the priest traditions from centuries back. This book discovers the way that I have noticed and felt the personalities that have been passing the tradition, the matter and the phenomenon deriving from it, since I was a child and until nowadays, in my closest family SPIROSKI, my ancestry ONUFRIEVSKI-LALOSHOI-GLAVINOI-BYZANTINES in Lesok, my native place (Polog and Shara) and as well as Macedonia.

I was having a doubt these several years, whether to give priority in building a house and having a roof over my head in Lesok or in writing a book - my decision was to create a book. On this way, while writing the books, even though I was physically not present in Lesok, for all the time I was present in Lesok with my soul and there is no one and no force exists that can or will prevent me and my thoughts to be and live in my Lesok.

The whole development of the idea, the work and the arrangement of the book I have made it by myself only, and my idea for this book was to be plentiful of thoughts, information, documents, pictures, music, colors and etc. and to predominate with the priestess tradition and spirit of my family and my ancestors, whereas for the Lesok monastery this book will present the first and unique book in Macedonia speaking about my ancestors and my Lesok, which I have prepared it in electronic format and on CD format.

This book consist of 1.578 pages, from which 949 pages are containing text and pictures, 629 pages are containing tables, presented on Macedonian and good part of it is presented on English language, having presented the Sun, the Cross and the Mother of God on each page, which represents the timeless symbols of my ancestors and the Macedonian people. The CD contains three folders: 1. BOOK, containing 949 pages with text, 1.240 photos and 302 documents and data; 2. TABLES, containing 629 pages with over 3.000 names and places and 3. MUSIC, containing 32 songs, divided on: 3.1. Folk songs, containing 16 songs and 3.2 Computer music, containing 16 songs created by my son Ognen Spiroski.

Therefore, despite the text, the reader of this book can have the opportunity to enjoy the beautiful old photos and my photos presenting the beauty of the nature in Lesok and its surrounding, and the reader will also have the opportunity to listen the traditional Macedonian music and the contemporary computer – electronic music.

I have finished this book on fall, 08$^{th}$ November 2009 – on My, Name day – Mitrovden, reflecting my soul, the orthodox Christian soul of my ancestors, as well as the soul of the Macedonian person deriving from Leshok, Polog and Macedonia. Each person and event mentioned in the book, or presented in the pictures, will enter in the eternity of the unforgettable.

I am writing this book with respect and gratitude to my ancestors, and inspired by the love of the descendants, but it also represents my contribution in discovering and permanent documentation of the Macedonian orthodox Christian tradition of my family Spiroski and the genre Onufrievski – laloshoi – Glavinioi – Byzantines, and my idea is to offer this book as a cultural contest with the other families and genres in Macedonia and in Europe.

Mite from Ljesek